РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-168
31.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а во врска со член 15 став 1 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 и 63/24), точка 7 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-2121/1 од 29.04.2024 година и Заклучокот арх.бр.02-2576/4 од 31.05.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 25-та седница одржана на 31.05.2024 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, заради извршена повреда на член 15 став 1 од Законот за медиуми (ЗМ), на начин што до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2121/1 од 29.04.2024 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од ЗМ, надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка јавна опомена во случаите кога се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во член 29 став 2 од ЗМ е пропишано дека мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Согласно член 15 став 1 од ЗМ, радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му доставаат податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоци за одговорниот уредник/уредници, податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, на 29-ти април 2024 г., изврши редовен административен надзор на ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, при што констатираше прекршување на член 15 став 1 од ЗМ.

Со редовниот надзор е констатирано дека ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци не ја исполни обврската од член 15 став 1 од ЗМ, односно до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр. 03-2121/1 од 29.04.2024 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, на 30.04.2024 г., испрати Допис арх.бр.03-2121/2 од 30.04.2024 г. со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2121/1 од 29.04.2024 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 09.05.2024 година. Во предвидениот рок, ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 31.05.2024 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 15 став 1 и став 6 и член 29 од ЗМ, точка 7 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-2121/1 од 29.04.2024 г. и Заклучокот арх.бр.02-2576/4 од 31.05.2024 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 25-та седница одржана на 31.05.2024 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, и му се наложува во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

___________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2121/1 од 29.04.2024 година.

**Доставено до:**
- ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци;
- Управителот на ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 29.04.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2121/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и 63/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци

3. **Датум на извршување на надзорот:** 29 април 2024 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и 63/24), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година), да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***